**20171633129**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 ноември 2017 година.

Бр. 08 - 3938/1
9 ноември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16), во членот 10 став 1 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

“- мерки за обезбедување на персонална асистенција на лицата со попреченост“.

Член 2

Во членот 53 став 2 по зборот „домаќинството“ се додаваат зборовите: „а кои влијаат за остварување на правото и висината на социјалната парична помош“.

Член 3

Во членот 72 став 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 4

Во членот 75 став 2 по зборовите: „возраст со“ се додава зборот „умерени,“.

Ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Член 5

Во членот 82 став 1 зборовите: „се остварува во центарот“ се заменуваат со зборовите: „родителот го остварува во центарот без оглед на возраста на детето.“

Член 6

Членот  84-а се менува и гласи:

„Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице со навршени 26 години, а правото на додаток за мобилност се обезбедува за лице со навршени 26 години, со 100% телесен инвалидитет кое самостојно користи инвалидска количка или лице со квадриплегија или со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој кое користи инвалидска количка со придружник, поради создавање на услови за изедначување на нивните можности за вклучување во секојдневниот живот во заедницата на овие лица.

Месечниот износ на додатокот од ставот 1 на овој член изнесува 7.000 денари, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и истиот се обезбедува од Буџетот на Република Македонија.

Лицата од ставот 1 на овој член не можат да остварат право на додаток за слепило или мобилност, ако користат право на цивилна или воена инвалиднина, согласно со закон.

Правото на додаток за слепило и мобилност се остварува од денот на поднесувањето на барањето, а врз основа на конзилијарно мислење потпишано од тројца лекари специјалисти или врз основа на наод и мислење донесени од страна на првостепена комисија за утврдување на правото на додаток за слепило или мобилност, којашто ги утврдува видот и степенот на оштетувањето и потребата за остварување на ова право. Во постапката по жалба против наодот и мислењето на првостепената комисија за остварување на право на мобилност или слепило, наод и мислење дава второстепена комисија.

Правото на додаток на слепило и мобилност се остварува врз основа на конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје).

Во постапка по жалба против решението на центарот одлучуваат тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности од терцијарна здравствена установа (Универзитетски клиники во Скопје) кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен.

Доколку лицата од ставот 1 на овој член се наоѓаат на болничко лекување во јавна здравствена установа имаат право на придружник, при што средствата за сместување, исхрана на придружникот во установата се на товар на Министерството.

Министерот за труд и социјална политика во соработка со министерот за здравство го пропишува начинот за остварување на правото на слепило и мобилност, потребната документација, составот на лекарите специјалисти од ставовите 5 и 6 на овој член, формата и содржината на конзилијарното мислење како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење.“.

Член 7

Во членот 84-б став 4 се брише.

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 4 и 5.

Член 8

Во членот 131-а по став 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

„Стручниот работник кој нема да го положи стручниот испит има право да полага по втор пат.

По исклучок од ставот 1 на овој член, стручен работник кој е шест месеци пред пензионирање нема да полага стручен испит заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на работи од областа на социјалната заштита, односно на истиот ќе му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеци до пензионирање. Стручен работник кој ќе поднесе писмена изјава за продолжување на договорот за вработување согласно со членот 104 од Законот за работните односи, а кое продолжување на договорот е за временски период подолг од шест месеци, ќе полага стручен испит заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на работи од областа на социјалната заштита.“.

Член 9

Во членот 213 став 4 се брише.

Член 10

Започнатите постапки за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додатокот за слепило и мобилност и додатокот за глувост, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од овој закон.

Член 11

Корисниците на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додатокот за слепило и мобилност и додатокот за глувост ќе продолжат да го користат правото според одредбите од овој закон.

Член 12

Подзаконските акти со кои се пропишува начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додатокот за слепило и мобилност и додатокот за глувост донесени согласно со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16), ќе се усогласат со овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.